РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09- 867/4
06.03 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и осмата седница одржана на ден 29 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службените лице ---------- – командир во Полициска станица --------, ----------- – Член на Совет на Општина ------- и ------------ – член на Совет, бидејќи не се утврдени повреди на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-3725/1 од 30.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3725/1 од 30.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител за постоење на непотизам при именување на лицето ---------- за Командир во полициска станица -------, како и сомнеж во однос на потребното образование кое го има наведеното лице. Понатаму во пријавата е наведено дека членот на Совет на Општина ------, лицето ---------- во исто време е и директор на подрачна единица на Македонски шуми --------. Во пријавата е побарано да се испита дали е согласно закон да лицето -------------- кој член на Совет на општина------- во исто време е на раководна позиција во подрачна единица на Македонски пошти ------------.

Членот на Совет на Општина ------, лицето ----------, кој во исто време е и директор на подрачна единица на Македонски шуми -------- не се наоѓа во состојба на судир на интереси, бидејќи ова лице извршува само една функција согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а тоа е функцијата член на совет на Општина-------.

Член на Совет на општина------- кој во исто време е и раководител во подрачна единица на Македонски пошти ------------ , не се наоѓа во состојба на судир на интереси, бидејќи ова лице извршува само една функција согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а тоа е функцијата член на совет на Општина-------.

Со цел да се утврди фактичката состојба по однос на делот од пријавата кој се однесува на сомнеж во однос на потребното образование при именување на лицето ---------- за Командир во полициска станица -------, Државната комисија за спречување на


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

корупцијата се обрати до Совет на општина ------- со цел прибирање на документи, податоци и информации заради испитување на наводите од предметот.

Од добиената документација доставена од Советот на општина ------ е утврдено дека лицето ------- има соодветно образование и истото има 24 години работно искуство во полиција, со што не се потврдуваат наводите од пријавата дека наведеното лице нема соодветно образование.

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службените лице Гордан Николов – командир во Полициска станица Кратово, Влатко Постолов – Член на Совет на Општина Кратово и Слободан Постолов – член на Совет , бидејќи не се утврдени повреди на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: м-р Станка Милановска
Одобрил: Шемши Салаи – член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk